Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 октомври 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Јавното претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ЛУКАР 5”.

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Јавното претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, со седиште на ул. “Индустриска” ББ Кавадарци (во понатамошниот текст: Друштво), на 24 септември 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ЛУКАР 5”, УП1 бр. 12-182/21 од 24 септември 2021 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 28 септември 2021 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

На Друштвото му е издадено Одобрение за градење со кое се одобрува изградба на мала хидроелектрична централа “ЛУКАР 5” со капацитет од 1MW од втора категорија, објект на земјиште кое претставува дел од КП бр.1731/3 и подземен среднонапонски електричен кабел со место на почеток КП бр. 1731/3 и место на завршеток КП бр.1725/1 м.в. Желков Дол, КО Ваташа, Општина Кавадарци издадено од Општина Кавадарци бр. 11-149 од 27.10.2020 година, со правосилност од 3 ноември 2020 година.

Друштвото има Дозвола за користење на вода за зафаќање на вода од извор Лукар 1, извор Лукар 2, извор Косматец и зафат на Стара река и употреба на водоснабдителен систем со придружни објекти (филтер станица, хлоринаторна станица, резервоар 1 и резервоар 2), за водоснабдување на Кавадарци и Неготино, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр.11-3060/2 од 10 мај 2012 година.

Исто така, Друштвото има Водостопанска согласност за изградба на мала хидроцентрала “ЛУКАР 5” на гравитационен водоснабдителен систем “ЛУКАР 5” со номинална моќност 152,3 kW, КО Ваташа, Општина Квадарци, вардарско сливно подрачје, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање со УП1 бр.11/5- 59/2020 од 3 септември 2020 година.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 10.2, односно од Образецот БЛ 10.2 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат. Друштвото го комплетираше барањето на 7 октомври 2021 година.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-1875/2 од 12 октомври 2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 12 октомври 2021 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ЛУКАР 5” на Јавното претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-182/21**
**12 октомври 2021 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

**Прилог:**

**ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на привремена лиценца**
   Јавно претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци, со седиште на ул. "Индустриска" ББ Кавадарци, Република Северна Македонија

2. **Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца:**
   Производство на електрична енергија

3. **Евидентен број на привремена лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-510-2021

4. **Единствен матичен број:** 4020731

5. **Единствен даночен број:** 4011990105673

6. **Локација на вршење на енергетската дејност**
   Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од хидроелектроцентрала МХЕЦ "ЛУКАР 5" во КО Ваташа, Општина Кавадарци.

7. **Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**
   Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

8. **Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**
   Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

**9. Производни капацитети со кои ќе се врши енергетската дејност**

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши од хидроелектроцентрала МХЕЦ “ЛУКАР 5” со следните технички карактеристики:

а) назив на хидроелектроцентрала: МХЕЦ “ЛУКАР 5”
б) податоци за турбина:
  - тип, производител и номинални податоци – Францис,
  - номинални податоци:
    - моќност:152,3 kW,
    - инсталиран проток: Q=0,3 m3/s,
    - нето пад: H=57,5 m,
    - номинална брзина: 1000 min-1
в) податоци за генератор :
  - тип, производител и номинални податоци – трифазен синхрон со самовозбуда, со хоризонтална Пелтон турбина, Marelli Motori, Италија,;
  - номинални податоци:
    - инсталирана привидна моќност: 220 kVA,
    - фактор на моќност: 0,8,
    - номинална активна моќност:176 kW
    - фреквенција: 50Hz,
    - работен напон: 0,4 kV,
    - номинална брзина:  1500 RPM/min
г) податоци за трансформатор:
  - номинални податоци:
    - моќност привидна:  250 kVA,
    - номинален напон:  10(20)/0,4 kV/kV

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1) pika 1) nënpika 17 dhe nenit 42 paragrafi (1) pika 2) të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 14 paragrafi (1) pika 2) të Rregullores së Licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/ 19, 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 12 tetor 2021, miratoi

**VENDIM**
**PËR LËSHIMIN E LICENCËS SË PËRKOHSHME TË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE**
**PRODHIM I ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. Ndërmarrjes Publike për Punë Komunale KOMUNALEC Kavadar i lëshohet licencë e përkohshme për kryerjen e veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga hidrocentrali elektrik HCEV “LUKAR 5”.

2. Licenca e përkohshme e kryerjes së veprimtarisë energjetike, prodhim i energjisë elektrike është dhënë në shtojcë, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

3. Ky vendim hyn në fuqi në datën e miratimit të tij dhe botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 12-182/21**
**12 tetor 2021**
**Shkup**

**Kryetar i**
**Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit**
**të Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Марко Бислимоски**

**Shtojcë:**

**LICENCË E PËRKOHSHME**
**PËR KRYERJEN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE**
**TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. **Emri dhe selia e bartësit të licencës së përkohshme:**
   Ndërmarrja Publike e Punëve Komunale KOMUNALEC Kavadar, me seli në rr. Industriska pn Kavadar, Republika e Maqedonisë së Veriut

2. **Veprimtaria energjetike për të cilën lëshohet licenca e përkohshme:**
   Prodhimi i energjisë elektrike

3. **Numri evidentues i licencës së përkohshme:** ЕЕ-ПРОИЗ-510-2021

4. **Numri amzë:** 4020731

5. **Numri tatimor:** 4011990105673

6. **Lokacioni i kryerjes së veprimtarisë energjetike**
   Bartësi i licencës, do ta kryejë veprimarinë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike në hidrocentralin elektrik HCEV "LUKAR 5" në KK Vatashë, komuna e Kavadarit.

7. **E drejta për kyçje dhe qasje në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike**
   Bartësi i licencës së përkohshme ka të drejtë për kyçje dhe qasje në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike, për shkak të plotësimit të kushteve për lëshimin e licencës për kryerjen e veprimtarisë energjetike prodhim të energisë elektrike në pajtim me Ligjin e Energjetikës dhe në pajtim em Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

8. **Të drejtat, obligimet dhe përgjegjësitë e bartësit të licencës së përkohshme:**
   Të drejtat, obligimet dhe përgjegjësitë e bartësit të licencës së përkohshme në lidhje me kryerjen e veprimtarisë energjetike, pjesëmarrjen e tij në tregun e energjisë elektrike, mënyrën dhe procedurën e dërgimit të raporteve për punën finansiare dhe mënyrën e kryerjes së veprimtarisë, si dhe mënyrën dhe procedurën e dërgimit të raporteve, informatave dhe të dhënave të tjera, të nevojshme për ndjekjen e funksionimit të tregut të energjisë elektrike, do të rregullohen me licencën për kryerjen e veprimtarisë energjetike prodhim të energjisë elektrike.

9. **Kapacitet prodhuese, me të cilat do të kryhet veprimtaria energjetike**

Veprimtaria energjetike prodhim i energjisë elektrike, do të kryhet nga hidrocentrali elektrik HCEV "LUKAR 5" me karakteristikat teknike në vijim:

а) emri i hidrocentralit elektrik: HCEV "LUKAR 5"

б) të dhënat për turbinën:
- lloji, prodhuesi dhe të dhënat nominale – Francis,
- të dhënat nominale:
  - fuqia:152,3 kW,
  - rrjedha e instaluar: Q=0,3 m3/s,
  - rënia neto: H=57,5 m,
  - shpejtësia nominale: 1000 min-1

в) të dhënat për gjeneratorin:
- lloji, prodhuesi dhe të dhënat nominale – sinkron trifazësh me veteksitim, me turbinë horizontale Pelton, Marelli Motori, Itali,;
- të dhënat nominale:
  - fuqia e instaluar aparente: 220 kVA,
  - faktori i fuqisë: 0,8,
  - fuqia nominale aktive: 176 kW
  - frekuenca: 50Hz,
  - tensioni punues: 0,4 kV,
  - shpejtësia nominale: 1500 RPM/min

г) të dhënat për transformatorin:
- të dhënat nominale:
  - fuqia aparente: 250 kVA,
  - tensioni nominal: 10(20)/0,4 kV/kV